**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**
**Прилеп, 12.06.2015**

Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Собранието на седницата одржана на 12 јуни 2015 година, ја донесе следната:

## П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А
## За распределување на добивката за 2014 година

**Член 1**

Добивката за годината 2014 во износ од 422.100.807,00 Денари (Евра 6.849.751,00) се распределува во:

-Бруто дивиденда на акционерите во износ од 288.241.767,00 денари и
-Акумулирани добивки во износ од 133.859.040,00 денари

Износот на бруто дивиденда за 1 (една) обична акција изнесува 1,00 EUR (1,00 EUR = 61,50 Денари).

**Член 2**

Од распределената бруто дивиденда на акционерите да се задржи бруто износот на аванс на дивиденда од добивката остварена во 2014 година, исплатен во декември 2014 година, по 0,15 EUR за 1 (една) обична акција (1,00 EUR = 61,50 Денари) во вкупен износ од 43.236.265,00 Денари (EUR 703.028,70).

**Член 3**

Обврските за дивиденда за обични акции да се исплатат во пари.

**Член 4**

Собранието на акционерите на Друштвото ќе се одржи на 12 јуни 2015 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 26 јуни 2015 година.

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 23 јуни 2015 година.

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 24 јуни 2015 година.

Исплатата на дивидендата ќе започне на 29 јуни 2015 година и целосно ќе се изврши во законски определениот рок, најдоцна до 30 септември 2015 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собрание**

________________________